**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА ПРАКТИКУМОТ СО НАСЛОВ „ТЕОРИЈА НА ЕКОНОМСКИ РАСТ: ОСНОВНИ МОДЕЛИ, КОНЦЕПТИ И ПРИСТАПИ“ ОД АСИСТЕНТ Д-Р ДАРКО ЛАЗАРОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и Одлуката донесена на 77. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 7.5.2014 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

– академик Гоце Петрески, професор на Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Штип и
– проф. д-р Круме Николоски – професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис (практикум) со наслов *„Теорија на економски раст: основни модели, концепти и пристапи (сметководство и економетрија на растот)“* од авторите асистент д-р Дарко Лазаров, наменета за студентите на прв и втор циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот.** Учебното помагало - скрипта „Теорија на економски раст: основни модели, концепти и пристапи” од асистент д-р Дарко Лазаров претставува труд од областа на економската наука со цел емпириска анализа на економскиот раст. Скриптата е наменет за студентите на прв циклус студии, и тоа: прва студиска година (прв семестар) на студиските програми: Банкарство, финансии и осигурување, Финансиски менаџмент, Менаџмент и претприемништво и Сметководство, финансии и ревизија, каде што предметот Основи на економија се јавува како задолжителен (со неделен фонд на часови 3+2+2). Овој практикум може да се користи како учебничко помагало по предметот Макроекономија кој се јавува како изборен (2+1+1) на насоките Банкарство, финансии и осигурување и Финансиски менаџмент. Истиот може да го користат и студентите од втор циклус студии на студиската програма МБА-менаџмент, Финансии и банкарство и Економија на Европска унија (3+2) кои го изучуваат предметот Напредна економија.

**Податоци за обем на ракописот.** Практикумот содржи 67 страници, систематизирани во вовед, два посебни дела, заклучни согледувања и библиографија. Трудот содржи голем број на математички формули и равенки, графички и табеларни прикази, прилози. Трудот е пишуван во А4 формат, со нормален проред, употребен е фонт Times New Roman, големината на буквите е 12. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот бројна часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**. Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало – практикум, кое ќе им овозможи на студентите стекнување базични емпириски и практични знаења со цел разбирање на процесот на економскиот раст како базична дисциплина на економската научна теорија. Авторот на трудот ја елаборира емпириската рамка за анализа на факторите кои го детерминираат растот преку примена на сметководство и економетрија на растот. Дополнително, во овој практикум е понудена емпириска анализа на факторите на растот на македонската

економија со цел идентификување на анатомијата на растот на нашата земја. Од оваа причина сметаме дека материјалот обработен во практикумот се одликува со голема емпириска значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината на ракописот.** Содржински, трудот е конципиран во два посебни дела, кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма. Во продолжение следи кратка презентација на одделните тематски единици.

**Првиот дел** од овој практикум се однесува на *Сметководство на растот*. Сметководството на растот како емпириска техника во анализа на анатомијата на растот овозможува анализа на изворите на економскиот раст. Имено, декомпозицијата на стапката на економски раст нуди можност да се идентификува придонесот на поединечните фактори на производство, елементи на агрегатната побарувачка и сектори во детерминирање на стапката на растот. Според тоа, примената на овој пристап може да биде од производствен, потрошувачки или секторски аспект. Оваа техника дава јасна слика за тоа кои производни фактори, елементи на побарувачката и сектори имаат најголемо влијание и придонес во генерирање на економскиот раст.

**Вториот дел** се однесува на *економетријата на раст* како најзначајна емпириски техника на растот. Всушност, економетријата на растот го квантифицира степенот на влијание на одделните фактори кои го детерминираат економскиот раст.

Во рамките на економетријата на растот е тестиран класичниот модел на раст проширен со човечки капитал т.е. моделот на Mankiw, Romer и Weil. Ова практично економетриско истражување има за цел да ги анализира фундаменталните фактори кои го детерминираат економскиот раст т.е. да ги објасни причините за прилично големата дискрапанца во стапките на раст што ги бележат земјите. Дополнително, во рамките на емпириската анализа се идентификувани причините за разликите во доходот *per capita* помеѓу најбогатите и најсиромашните земји во светот.

Според емпирискиот опус на техники и методи елаборирани во рамките на практикумот и нивната исклучителна корисност во анализа на факторите на растот, примената на случај на Република Македонија со цел декомпозиција на стапката на економски раст и идентификување на изворите на растот на македонската економија, овој практикум претставува значителен придонес за академијата во проучување на природата и суштината на растот на земјата.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го давам следново

## М И С Л Е Њ Е

Учебното помагало „Теорија на економски раст: основни модели, концепти и пристапи (сметководство и економетрија на растот)“ од асс. д-р Дарко Лазаров, претставува сеопфатна целина на оперативната рамка за емпириска анализа на факторите на растот. Овој практикум ја анализира структурата на македонската економија и изворите кои го детерминираат економскиот раст. Дополнително, практикумот овозможува преку примена на техники на економетриската анализа да се квантифицира интеракцијата на одделни фактори кои го детерминираат растот со цел да бидат идентификувани причините за разликите во стапките на растот и нивото на БДП per capita помеѓу земјите.

Емпирискиот пристап базиран на силна квантитативна основа ја проширува оперативната рамка за подетално и поегзактно пристапување во анализа и квантификација на силите кои го движат процесот на економски раст. Во таа смисла трудот целосно кореспондира и е на линијата на новите емпириски достигнувања во оваа област, што го карактеризира истиот како модерен, актуелен и релевантен.

Изучување на оваа проблематика ќе им понуди на студентите да се стекнат со практично познавања на емпириските техники и методи кои се користат во проучување на процесот на економски раст и ќе го подигне математичкото и економетриското ниво потребно за анализа на факторите кои го детерминираат растот. Таквото знаење за студентите ќе биде

применливо во изучувањето на структурата на македонската економија, изворите кои го детерминираат растот на економијата и користењето на сетот економетриски техники кои се користат во квантификација на интеракцијата помеѓу потенцијалните фактори кои го детерминираат долгорочниот економски раст.

Врз основа на изнесеното, имам особена чест на Наставно - научниот совет на Економски факултет во Штип да му предложам учебното помагало (практикум) со наслов „Теорија на економски раст: основни модели, концепти и пристапи (сметководство и економетрија на растот)" од асс. д-р Дарко Лазаров да го одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Круме Николоски, с.р.**